Регистрација за присуство на настанот:

Цената за учество на настанот изнесува 250 денари. Пчеларските здруженија може да извршат и групна уплата за над 10 учесници по цена од 200 денари, а после уплатата треба да доставаат соодветна листа на групата на e-mail адресата: ilkov@macbee.org. На секој учесник ќе му биде доделен сертификат за учество на настанот. Рокот за регистрација за присуство на настанот е до 25 јануари 2018 година или до пополнување на бројот на учесници кој е ограничен на 200 лица.

Начин на регистрација:

Преку уплата на наведената сума на жиро сметката на здружението MacBee на следниов начин:

Примач: Македонско здружение за заштита на македонската автохтона медоносна пчела - с. Негорци, Гевгелија

Банка: Шпаркасе Банка Македонија

Жиро сметки:

250-0010027640-92 денарска,

МК07-250-0010027640-92 девизна

Цел на дознака: Учество на „Пчеларски ден - знаење и дружење 2018“

WWW.MACBEE.ORG

Поддржувачи на настанот:

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ

WWW.MACBEE.ORG

МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА МАКЕДОНСКАТА АВТОХТОНА МЕДОНОСНА ПЧЕЛА
Apis mellifera macedonica

СООПШТЕНИЕ

„ПЧЕЛАРСКИ ДЕН - ЗНАЕЊЕ И ДРУЖЕЊЕ 2018“

28 јануари, 2018 година
Скопје

Почитувани,

Македонското здружение за заштита на автохтоната македонска медоносна пчела (Apis mellifera macedonica) – МасВее, со задоволство Ви го претставува настанот „Пчеларски ден - знаење и дружење 2018“. Настанот ќе понуди повеќечасовна програма која вклучува презентации од информативен и едукативен карактер.

МасВее веќе неколку години традиционално организира настани од ваков карактер, каде на едно место се собрани ценети домашни и странски научни експерти од областа на пчеларството, професионални пчелари и пчеларски ентузијасти и вљубеници во пчеларството. Како и претходните, така и овој настан претставува одлична можност за надградба на Вашето пчеларско знаење, а воедно и да се информирате со активностите на нашето здружение.

Затоа со особена чест Ве покануваме да бидете дел од ова пчеларско дружење и со Вашето присуство да дадете значаен придонес кон подигнувањето на квалитетот на овој настан.

Со почит,

Организационен Одбор на „Пчеларски ден - знаење и дружење 2018“

WWW.MACBEE.ORG

Датум:

28 јануари, 2018 година (недела)

Локација:

Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје

Бул. Александар Македонски б.б.,

нас. Автокоманда , 1000 Скопје

(Амфитеатар број 30)



WWW.MACBEE.ORG

Програма на настанот:

8:30 - 10:00	**РЕГИСТРАЦИЈА НА УЧЕСНИЦИТЕ**
10:00 - 10:20	**ОТВОРАЊЕ НА НАСТАНОТ**
10:20 - 10:35	**ДОСЕГАШНИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА МасВее, ТЕКОВНИ И ИДНИ АКТИВНОСТИ -** дипл. зем. инж. Игор Илков, претседател на здружението МасВее
10:35 - 10:50	**SMARTBEES ПРОЕКТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-** дипл. ек. Борче Павлов член на МасВее и координатор на проектот за Р. Македонија
10:50 - 11:15	**КАФЕ ПАУЗА**
11:15 - 12:45	**ЦЕЛОГОДИШЕН ЦИКЛУС НА ПЧЕЛАРЕЊЕ СО 500 ПЧЕЛНИ СЕМЕЈСТВА -** д-р Леонидас Харистос, Институт за пчеларство во Неа Моуданиа, Грција
12:45 - 12:55	**ЗАТВОРАЊЕ НА НАСТАНОТ**

Дополнителни информации:

www.macbee.org

www.facebook.com/macbee.org